Форум социјална демократија
Визии и опции за Југоисточна Европа

# 7

# Кон подновен европски социјален модел

- Европскиот социјален модел е интелектуална конструкција, а не видлива реалност.

- Тој одбележува ветување, кое што обединетите европски демократии се насочени да го исполнат.




FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

*Што претставува социјалдемократијата во денешниот глобализиран свет? Што претставува социјалната демократија?*

*Дали е сé уште присутен интересот на граѓаните за политиката во доволна мера? Дали може повторно да се поттикне?*

*Дали се компатибилни стопанската динамика и социјалната правда? Кои конкретни политики се покажаа како остварливи? Колку беа успешни?*

*Овие и други прашања се релевантни во сите региони на светот. Со серијата публикации „Материјали за социјалната демократија“, Фондацијата Фридрих Еберт сака да даде придонес во дебатата на овие теми во Југоисточна Европа. Публикациите се проследени со Интернет-форумот www.forum-social-democracy.org. Ги покануваме сите читатели да учествуваат активно во овие дебати.*


**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Белград**
Шимина 1
11000 Белград
Србија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Скопје**
Бул. „Св. Климент Охридски“ 21/1
1000 Скопје
П. Фах. 423
Македонија

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Сараево**
Сумбула Авде 7
71000 Сараево
Босна и Херцеговина

**Фондација Фридрих Еберт**
**Канцеларија во Белград**
Прашка 8
10000 Загреб
Хрватска



- *Текстот е објавен и на српски, албански, бугарски и романски јазик*
- *Сите текстови можете да ги најдете на Интернет: www.fes.org.yu*


FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

Антони Гиденс

# Кон подновен европски социјален модел

*Европскиот социјален модел е интелектуална конструкција, а не видлива реалност. Тој одбележува ветување, кое што обединетите европски демократии се насочени да го исполнат. Антони Гиденс, кој што ја создаде интелектуалната основа за обновување на Лабуристичката партија во Британија, тврди дека се неопходни клучни прилагодувања за европскиот социјален модел да стане повеќе од шуплива фраза во иднината.*

## Распределба на ризици, ограничување на нееднаковостите, заштита на ранливите

Кружат многу различни дефиниции за европскиот социјален модел. Тоа не е единствен концепт, туку мешавина на вредности, достигнувања и надежи, кои се разликуваат по форма и степен на реализација помеѓу европските држави. Но, во основа на различните остварувања лежат заеднички ведности.

- Ризиците треба да се распределени во целото општество.
- Нееднакводстите, кои во друг случај би ја загрозиле општествената солидарност, треба да бидат ограничени.
- Најслабите треба да бидат заштитени преку активните социјални интервенции.
- Во индустријата треба да се изградува култура на консултации (наместо конфронтации).
- За населението треба да биде обезбедена богата рамка на социјални и сто-пански граѓански права.

## Нови Предизвици: променета стопанска и социјална структура

Поддржувачите и противниците во иста мерка се сложни со тоа дека европскиот социјален модел во сегашноста стои под висок притисок - или дури се заканува да не успее. Светот драстично се променил кон крајот на „златното доба“ на држава на благосостојба во шеесеттите и седумдесеттите години ов 20-иот век. Тоа важи за надворешните услови:

- Интензивирање на глобализацијата;
- Напредок на светското информатичко општество;
- Опаѓање на индустријата (и нејзиниот трансфер во помалку развиените земји);
- Напредок на новите форми на индивидуализмот и моќта на потрошувачот.

А тоа важи и за општествениот развој во самите европски држави на благосостјба:

- Демографските промени, особено стареењето на населението и со тоа поврзано¬то прашање за пензиите и рапидно опаѓање на стапката на раѓање;
- Промени во структурата на семејството: многу повеќе семејства со еден роди¬тел отколку порано, многу повеќе жени и деца, кои живеат во сиромаштија;
- Висока стапка на невработеност, која делумно потекнува од нереформира¬ните пазари на труд.

Имајќи ги во предвид различните предизвици, мораме да согледаме дека стравот изразен од многумина дека економската глобализација ќе принуди намалувања во европските држави на добросостојба се покажа скоро сосем неоснована. Даночните приходи останаа стабилни пропорционално на бруто општествен производ во буквално сите индустриски држави; иако има неколку исклучоци, како Велика Британија - но повеќе не се искачуваат. Веројатно се поважни внатрешните потешкотии, со кои се соочува европскиот социјален модел.

## Успешни Скандинавци

Некои држави на ЕУ напреднаа значително поуспешно од останатите. Помал број на земји, особено нордиските држави (вклучувајќи ги Норвешка и Исланд кои не се членки на ЕУ), како и Холандија, Австрија и Велика Британија покажуваат споредбено добри биланси. Освен Велика Британија, останатите се мали земји, што покажува дека малите држави полесно се менуваат отколку поголемите - иако е факт дека промената во ниту една од нив не беше директна. Како и да е, сите ги зачуваа нивните социјални институтции во здрава состојба. Нордиските земји истовремено ја имаат најразвиената форма на европскиот социјален модел и највисо-ката стапка на вработеност. Значајно е дека земјите со најповолен пораст и развој на благосостојба се истовремено оние земји кои беа најрасположени за реформи - во поглед на социјалната држава, пензискиот систем, образованието, пазарот на трудот, како и на примена на информациската и комункациската техонлогија. Нордиските земји комотно ги надминуваат САД во показателите на квалитетот на живот, како и во поглед на еколошката модернизација.

Во централна Европа и средоземните земји сликата изгледа поинаку. Германија и Италија покажуваат ниска стапка на пораст во комбинација со покачената стапка на невработеност или несоодветна вработеност. Франција забележува подобар раст во последните години, но има висока невработеност, вклучувајќи ги младите и долготрајната невработеност. Во овие земји комбинацијата на строгата регулатива на пазарот на трудот и силното влијание на синдикатите создава вклучени - исклучени (инсидер-оутсидер)- пазари на трудот. Тоа значи: кој поседува работно место на неодредено време, може да напредува, но оние што се исклучени, нив им е многу полошо. Бројките на долготрајно невработените се високи, а многу луѓе прибегнуваат во секундарни (црни) пазари на трудот, кои се оттргнати од било која државна регулатива.

### Данска не го штити работното место, но платата на работникот

Данска во деведесеттите години радикално ја преструктуира својата социјал¬на политика. Работниците можат да бидат отпуштени по кратка постапка. Во таквите случаи отпремнината е ниска. Спротивно на ова парите за невработе¬ност се високи и се исплатуваат четири години, со тоа што пониско платените работници добиваат до 90% од нивните претходни примања. По извесно време прешколувањето е задолжително. Тоа е обезбедено на мошне децентра¬лизиран начин, со изаразено учество на синдикатите како и граѓанско-општествени организации. Невработените се обврзани да прифа¬тат работни понуди или мерки за прешколување понудени од локалните агенции за вработување.

Австрискиот економист Карл Аигингер ги споредил најдобро фукционирачки ев¬ропски држави во период од раните деведесети до денес (Данска, Финска и Швед¬ска) со трите големи загубари (Германија, Франција и Италија) . Освен тоа, ги споредува овие категории на земји со САД. При тоа произлегува: Социјалните придонеси се пообемни во трите најдобро функционирачки држави на Европа отколку во Франција, Германија или Италија - и тие се далеку поопфатни отколку во САД. Но, истовремено трите водечки европски држави се исто така конкурентни и динамични како и САД. Нивната стапка на пораст во споредбениот период беше исто така висока како и американската. Со просечна вработеност преку 70% тие се зад САД , но се понапред за цела должина од клучните во Европа, кои достигаат просечна вработеност од само 61,9%. Јавниот долг во Данска, Финска и Шведска е значително понизок отколку во САД, и останатите три европски земји.

Најновата историја на Скандинавија укажува

на тоа дека е навистина можно да се остварат истовремено здрави јавни финансии, минимална нееднаквост и висока степен на вработеност. Наспроти тоа, изгледа дека е возможно да се има само едното од овие. На пример, Германија има висок степен на невработеност како и брзо растечки јавен долг.

### Финска: комбинира динамична висока-технологија со висок степен на социјална праведност

Финска покажува повисок продор на информациската техологија од САД. Стапката на пораст на земјата изнесуваше во просек 5,1% годишно меѓу 1996 и 2001. Финска се рангира блиску до врвот од сите индустриски држави во поглед на социјалната праведност и има висока даночна основа. Цастеллс заклучува дека Финска нуди надеж за останатите. Финска до пред три генера¬ции беше мошне сиромашна земја, нагласено земјоделско општество.

Во многу индустриски општества нееднаквоста на приходите расте, но постојат знаци дека овој процес се изедначува. На некои држави им успеа значително да ја задржат општествената еднаквост - каде што пак, нордиските земји се наоѓат на врвот.

## Не ги копирајте моделите - применувајте интелигентни реформи

Следејќи ја работата на данскиот социолог Gøsta Esping-Andersen широко е прифатено дека има, три или четири типа на „капитализам на благосостојба"

- Нордискиот тип се базира врз високата оданоченост и проширени можности за вработување во рамките на самата социјална држава.
- Централно-европскиот тип (Германија и Франција) се потпира главно на придонеси од плата.
- Англосаксонскиот тип става нагласок на целните програми за редукција на сиромаштијата и успешно се справува со релативно ограничено даночно оптовару¬вање.
- Медитеранскиот тип покажува релативно ниска даночна основа и се потпира во висока мерка на внатрешно-семејната поддршка.

Различните типови не се справија подеднакво добро со различните предизвици. Но, ова денес не ни помага многу понатаму да ги споредуваме четрите "света на капитализмот на благосостојба". Холандскиот социолог Антон Хемерijцк покажа дека социјалните држави што најдобро се адаптирале на променетите услови создале "хибридни модели", кои делумно се позајмени - но не сосема - од некаде. Идниот ев¬ропски социјален модел, нема да биде британски. Нема да биде француски модел. Нема да биде шведски, ниту пак дански модел. Примерот за подновениот европски социјален модел може да биде воден од следните главни карактеристики.

- Позитивна, наместо негативна социјална државност. Новата социјална држава не се фокусира на поправање на општествените "неприлики", но врз промовирање на образованието и учењето, напредокот, можност на избор, активна општествена и економска партиципација и здрав начин на живеење.
- Да се постават поттици! Не само да се дефинираат правата, туку и обврските!
- Ризиците да не се исклучуваат, туку да се прифатат и со нив да се постапува креативно (принцип на „flexicurity").
- Повеќе допринеси од директните корисници, а помалку бесплатни услуги.
- Социјалната држава да се дебирократизира. Да им се даде предимство на корисниците на услуги во однос на давателите на услуги.

# Растечко стопанство, флексибилен Пазар на трудот, добро образовани луѓе

Повисокиот стопански раст и повеќе работни места му припаѓаат на врвот на политичките приоритети; а досегашната мешавина на нискиот пораст и високите јавни издатоци не може така едноставно да продолжат. Пожелно е од повеќе причини да се има повисокото ниво на вработеност, и плата над пристојната минимална плата. Колку што е повисоко учеството на вработени луѓе, дотолку повеќе се располага со пари за социјални инвестиции и социјална заштита. Кога се поседува работно место, тоа е најдобар пат за излез од сиромаштијата.

Но не може да биде случајно, дека сите земји што имаат стапка на вработеност преку 70% во Европа следат активни политики на пазарот на трудот. Таквите политики обезбедуваат тренинг за невработените како и за работниците на кои им се заканува невработеност. И во сите овие земји се прават активни обиди да се состават невработените со слободните работни места. Најпрвин ова беше воведено во Шведска пред многу години, но од тогаш се прошири. Најефектните социјални држави во Европа го поврзуваат принципот на социјалното партнерство со општ пристап до социјалните придобивки, што ќе овозможат прешколување, и помош за нов почеток на други места - „flexicurity“.

Флексибилноста на пазарите на трудот се основен дел на политичката рамка на успешните држави. Но тоа не значи според американскиот стил на вработување и отпуштање (hire and fire). Во доба на забрзаните технолошки промени, да се биде подобен за вработување (employability) - да се биде подготвен и способен за промена - станува потреба од прв ранг. Често пати промената мора да се случи во рамките на истата работа, поради тоа што технолошкиот напредок е многу важен.

Во “15- стари” држави од ЕУ, само уште 17% на вработените работат во индус-трис¬кото производство - и тоа учество паѓа и понатаму. Или кажано поинаку, повеќе од 80% на сите луѓе во Европа ја заработуваат својата плата од работа базирана на знаење или од работа во услужните дејности. Целосната вработеност е можна во високо развиената економија - оваа состојба е постигната во некои подобро функционирачки европски национални економии.

Но, не се сите работи за висококвалификуваните работници. Работните места за нискоквалификуваните работници се намалија од 34% на 25%. Многу луѓе се уште мораат да работат на работни места со мошне ниски барања да ја заработаат издршката за живот - по супермаркетите, бензиски станици или ресторани со брза храна. Минималната плата не може да се постави толку високо, затоа што би ги исклучиле ваквите работни места. Ние, значи мораме да се обидеме висината на најниска плата да ја утврдиме така, да нема вработени, а сиромашни. Но исто така, мораме да водиме грижа за тоа, луѓето да не остануваат за сите времиња во овие дејности.

Тука е важен образовниот систем. Но нагласокот врз образованието укажува дека мораме многу да инвестираме во раното образование, затоа што многу способности тогаш се развиваат. Инвестициите во раното детско образование, воспитување и грижата за децата исто така се клучни елементи за намалување на нивото на детската сиромаштија.

## Подолго да се работи - повеќе деца!

Стареењето на населението треба да се гледа како можност, а не како уште еден проблем. Ние знаеме што треба да се случи - тешкотиите во повеќето земји зависат од совладувањето на политичката волја да се направат промени. Главната причина за стареење на општеството не е тоа дека луѓето во просек се подолго живеат, туку ниската стапка на наталитет.

Државата треба да даде поттик на луѓето да имаат повеќе деца. А ние мораме да ги мотивираме луѓето за тоа подолго да работат. Ние мораме да се бориме против дискриминација на постарите како во работниот свет, а така и надвор од него. Ако тоа се однесува на луѓето постари од 55 или над 65 години, „староста“ веќе не е пречка како некогаш.

## Предлог од 13 точки за реформа

Преведено на подетални модели на политики, предлагам нацрт од тринаесет точки за реформираниот европски социјален модел.

1. Прогресивниот данок на доход останува како средство за ограничување на нееднаквоста. Оние држави што сега го употребуваат рамниот данок, треба истовремено да гарантираат дека нивните резултати даваат напредок (врз основа на ослободување на посиромашните групи од плаќање на данокот).
2. Одговорната буџетска политика е принцип-водилка на финансирањето на социјална држава. Овој принцип важи долгорочно и се однесува, меѓу другото и на способност да се покријат предвидените подоцнешни пензиски обврски. Оданочувањето во однос на БДП според меѓународните стандарди е висок, но она што е важно не е толку даночното ниво, туку општата комбинација на различните политики.
3. Се применуваат активни политики на пазарот на трудот кои се базираат на соодветна рамнотежа од поттици и обврски.
4. Создавањето на работните места игра централна улога, како во промовира¬њето на растот така и во ограничувањето на сиромаштијата, а најдобриот излез од сиромаштијата е да се задржи пристојно работно место со плата над минималната.
5. Активно се поддржува работа со скратено работно време. Тоа е дел од актив¬ното прилагодување на транзициите во животот и рамнотежата меѓу работниот и приватниот живот.
6. Целосна смисла на реформираниот европски социјален модел се состои во тоа меѓусебно да се комбинираат стопанската динамика со социјалната праведност. Особено внимание се посветува на детската сиромаштија. Општествата со низок степен на сиромашни деца се типично поизедначени отколку останатите општества и во многу други подрачја.
7. Таргетираните стратегии против сиромаштијата се применуваат за да се справи со вградените форми на сиромаштија и социјална исклученост. Тие може да вклучат примена на негативен данок на приход или даночен кредит.
8. Особено внимание се посветува на тие кои работат во услужните дејности со ниско ниво на плати, да им се обезбеди, колку што е можно повеќе можности за напредување. Но тоа не значи само државата

да осигура преквалификување, туку, исто така и соработка со работодавачот за редизајнирање на некои видови работни места.

9. Таргетираните политики се исто така насочени кон поголема интеграција на етничките малцинства и доселениците. Тие исто така вклучуваат комбинација на права и обврски кои им се дадени, како на група, и истите се бараат од нив. Обврските го вклучуваат учењето на јазик и прифаќање на општите вредности на општеството во кое се доселиле.
10. Врската помеѓу придобивките и придонесите е структурирана на тој начин, што го минимизира излегувањето од системот од страна на побогатите.
11. Државата наменува релативно помалку средства за постарите, а повеќе за младите. При тоа се посветува особено внимание на грижа и воспитување на децата, на рано детско образование и охрабрување да се имаат деца.
12. Инвестирањето во науката, технологијата и образованието се водечко влија¬ние, како во индустриската политика, така и при креирањето на нови работи.
13. Секоја политика се проценува од гледна точка на нејзиното еколошко делу¬вање.

Реформираниот европски социјален модел може да биде опишан како “држава на социјални инвестиции”. Социјалниот систем продолжува да нуди широко поле на заштита од социјални, економски и здравствени ризици. Нивоата на оданочување се високи и во меѓународна смисла. Опфатот на активната влада и државата останува голем, но државата инвестира во човечки капитал повеќе отколку во минатото. Солидарноста се промовира со осигурување дека социјалниот систем останува привлечен за поимотните групи.

## Хармонизација на ЕУ - ниво? Повеќе не!

Дека ќе дојде до хармонизација на оданочувањето на претпријатијата е крајно неверојатно - дури и кога ова би било пожелно. Но, дали има аргументи и дали има повеќе можност да се достигне поголема хармонизација на работните стандарди на европско ниво? Највеќе што може да се постигне, веројатно е збир на минимални прописи кои би биле прифатени од сите држави-членки. Дијалогот меѓу социјалните партнери на европско ниво би можел да постигне извесен вид на консензус. Како и да е, треба да се забележи дека синдикатите имаат тенденција да ги застапуваат интересите на вработените, но не и невработените, додека здруженијата на работодавачите вообичаено зборуваат за големите корпорации, но не и за малите бизниси.

## Социјалниот етатизам и интернационалната конкуренција

Секогаш пак, се поставува прашањето: Дали може Европа да си дозволи свој социјален модел? Всушност Европска Унија нема друг избор отколку да се натпреварува на глобалниот пазар. И реформите на европскиот социјален модел мора истовремено и да ја одразуваат и поддржуваат оваа ориентација.

Но прашањето треба да се постави обатно: Дали може Европа да си дозволи да нема свој социјален модел? Нивоата на нееднаквост, што постојат во САД може да í предизвикаат на таа земја драматични проблеми во годините што доаѓаат. На пример САД, може ги има најдобрите универзитети во светот, но истовремено има највисок степен на неписменост од сите индустријализирани земји. Според програмата за меѓународно оценување, 15-годишниците во САД од 29 земји се на 24-тото место, исто така на тестови за вештини на решавање на проблеми се 24-ти. Во време кога економијата на знаење и самата станува глобализирана, реформираниот европски социјален модел може да значи дека Европа може да биде подобро пласирана од САД.

# Потребно: повеќе кризи

Ние скоро точно знаеме што мора да биде направено. Проблемот е, да се стане и да се направи тоа. Можеме многу да научиме од најуспешните европски земји, но реформите мора да бидат траен процес во сите европски држави. Со исклучок на Велика Британија, сите земји со добри реформски резултати се мали. Малите земји полесно се модернизираат од големите, но, нивната мала големина ги чини многу поранливи.

Радикалните реформи изгледа дека скоро секогаш ги следат кризните ситуации - тоа неизбежно е и болно и може да содржат појава на краткотрајни социјални и економски трошоци за достигнување на долготрајни добивки. Нордиските земји го даваат темпото на Европа, но тоа дури откако тие и самите во осумдесетите и деведесетите години мораа да се справат со цела редица на стопански кризи. Ре¬формската политика на Велика Британија се одвиваше долг период во кој британското стопанство беше болниот човек на Европа.

Основното прашање за блиската иднина на Европа гласи: Дали свеста на кризата во Германија, Франција и Италија пораснала до таа точка за да може да се надмине отпорот на веќе етаблираните интереси? До сега во овие земји не им успеа ниту на владите на десницата, ниту на владите на левицата да спороведат широки реформи. Поради ова трите земји денес поседуваат социјални системи кои се неодржливи, истовремено со постојан висок степен на невработеност и несоодветна вработеност. Но, од лонецот под притисок почнува да излегува пареа - и секоја може исто така бргу да донесе на власт порадикални, реформистички влади.

## Досегашни изданија на серијата публикации „Визии и опции за Југоисточна Европа“

| | |
|---|---|
| 1. Влијанијата на ЕУ врз Европскиот социјален модел и врз социјалното единство ***Лотар-Вите - д-р Хајнрих Засенфелд*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/10.EvropskiSocijalniModel.pdf |
| 2. Новата политичка економија на европскиот социјален модел (модели) ***Патрик Дијамонд*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/25.Nova_politicka_ekonomija.pdf |
| 3. Европски стопански и социјален модел ***Мариус Бусемаер, Кристијан Келерман, Александар Петринг, Андреј Штухлик***[1*] | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/26.Evropski_privredni_i_socijalni_model.pdf |
| 4. Социјалдемократска програматика по проширувањето на Европската Унија ***Кристоф Цепел*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2006/27.Socijaldemokratski_program_nakon_prosirenja_Europske_unije.pdf |

## Досегашни изданија на серијата публикации: „Материјали за социјалната демократија“

| | |
|---|---|
| Социјалнодемократската партија на Германија (SPD) и медиумите ***Ања Круке*** | www.http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/19.gledati%20svet%20iznova.pdf |
| За модернизацијата на Берлинската програма – без лажен пиетет! ***Фриц В. Шарпф*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/20.za%20modernizaciju%20berlinskog%20programa.pdf |
| Една година подоцна: Источна и Средна Европа во кризата на пристапувањето кон ЕУ ***Михаел Ерке*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/21.godinu%20dana%20posle.pdf |
| За флексибилноста на Пактот за стабилност ***Ангелика Швал-Дирен*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/22.fleksibilna%20primena%20umesto%20striktnog%20pridrzavanja.pdf |
| Капитализамот и социјалното пазарно стопанство ***Иринг Фечер*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/23.kontroverze.pdf |
| Социјалистичката Интернационала и глобалната демократија ***Кристоф Цепел*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/12_socijalisticka_internacionala_i_%20globalna_demokratija.pdf |
| Либералната илузија по изборите: Заеднички пазар без политичка унија ***Михаел Даудерштет*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/13_liberalna_iluzija_posle_odrzanih_referenduma.pdf |
| Нови акценти во социјалната политика ***Волфганг Шредер*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/26.novi%20akcenti%20u%20socijalnoj%20politici.pdf |
| За користа на големата коалиција во преодните периоди ***Клаус Шенхофен*** | http://www.fes.org.yu/thira_files/publikacije/2005/27.stabilnost%20umesto%20zatisja.pdf |

FRIEDRICH
EBERT
STIFTUNG